Република Северна Македонија
Министерство за спорт

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Бр. 11 - 2190/2
03-10-2025.2025 год

**До: Иво Младеновски**

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Иво Младеновски од Скопје, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 02.10.2025 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** од Иво Младеновски со арх. бр. 11-2190/1 од 20.08.2025 година, доставено до Министерство за спорт како имател на информациите СЕ УСВОЈУВА.

## Образложение

До Министерството за спорт на ден 20.08.2025 доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со арх.бр. 11-2190/1 од страна на Иво Младеновски од Скопје, во кое се бараат повеќе информации, содржани во предходно барање/пријава со арх.бр. 14-1771/1 од 24.07.2025 година, на што е испратено известување на 15.08.2025 година со арх.бр. 14-1771/2 од 15.08.2025 година, како и барање со арх.бр. 11-1734/1, на кое до барателот е доставена информација, во која е нагласено дека „По реализација на вонредниот инспекциски надзор во посочениот објект, дополнително ќе бидете известени "

1. Одделението за инспекциски надзор реализира надзор врз посочениот субјект, од кој произлегува записник кој ви го доставуваме во прилог.
2. Бараните информации под точка 2 и 3, кои се однесуваат на лицата васе Ефтимов и Дијана Софтовска не се од јавен карактер, а наведената документација е дел од персоналните досиеа на вработени во Министерството за спорт, кои при вработувањето ги имаат исполнето општите и посебни услови од Законот за административни службеници.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-2190/2
02.10.2025 година
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Министер**
**Борко Ристовски**

**Доставено до:** - Барател на информацијата - Сектор -Архива

Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Број: 14-1771/3

Датум: 18.09.2025 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ДТУ СТРОНГ ЕНД ХЕЛТ ДООЕЛ Скопје, Подружница ФИД ЦИМ Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Јани Лукровски бр. 3-8/2 1000, Скопје - Гази Баба |
| Адреса за е-пошта | strong.health7@gmail.com |
| Телефон | 078/306-460 |
| Матичен број на субјектот | 7323875 |
| Даночен број на субјектот | 4043018525769 |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Давид Горњивски | 078/306-460 | strong.health7@gmail.com |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 12.09.2025 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.09.2025 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12:00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 93.12 Дејности на спортските клубови | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Јани Лукровски бр. 3-8/2 1000, Скопје - Гази Баба | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец __________, _____ година;
2. **Преставка од Иво Младеновски примена во Министерството за спорт под број 14-1771/1 од 24.07.2025 година;**
3. записник/решение за извршен инспекциски надзор број __________ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Васе Ефтимов – Советник Инспектор за спорт
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. **Преставка од Иво Младеновски примена во Министерството за спорт под број 14-1771/1 од 24.07.2025 година а во врска со работата на ДТУ СТРОНГ ЕНД ХЕЛТ ДООЕЛ Скопје, Подружница ФИД ЦИМ Скопје;**
2. Во извршувањето на овој инспекциски надзор:
3. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,
4. **Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):**

– *Бидејќи се работи за Вонреден Инспекциски надзор*

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Давид Горњивски | 078/306-460 | strong.health7@gmail.com |
| | | |
| | | |
| | | |

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |

8) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Во врска со преставката од лицето Иво Младеновски во врска со работата на ДТУ СТРОНГ ЕНД ХЕЛТ ДООЕЛ Скопје, Подружница ФИД ЦИМ Скопје, а по однос на истата од страна на Инспекциска служба при Министерството за спорт е утврдена следната фактичката состојба:

- Известување до службата за стопанисување со имот на ПИОМ од 29.07.2025 година;
- Записник од извршен инспекциски надзор од Сектор за инспекторат на Град Скопје, Одделение за комунална инспекција извршен на ден 17.07.2025 година;
- Записник од извршен инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд извршен на ден 06.08.2025 година;

- Сертификат за Бодибилдинг и фитнес инструктор издаден од Бодибилдинг и фитнес федерација на Македонијана на лицето Марина Горњивска;
- Сертификат за Бодибилдинг и фитнес инструктор издаден од Бодибилдинг и фитнес федерација на Македонијана на лицето Давид Горњивски;
- Решение за вршење дејност – Бодибилдинг и фитнес издадено од Агенцијата за млади и спорт на Друштво за трговија и услуги „Стронг Енд Хелт“ ДООЕЛ – подружница „ФИД ЦИМ“ Скопје, под бр. 08-262/2 од 02.03.2023 година.

Согласно извршениот увид во доставените документи кои се предмет на овој надзор утврдено е дека Друштво за трговија и услуги „Стронг Енд Хелт“ ДООЕЛ – подружница „ФИД ЦИМ“ Скопје работи согласно Законот за спортот.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. **не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;**

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Согласно горенаведеното во записникот инспекторот за спорт ја запира постапката согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ“ бр. 102/2019 и 272.2024).

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

10) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | |
|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | Печат и потпис на инспекторот: |
| Датум: 18.09.2025 | Датум: 18.09.2025 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.